**8.6.2015**




Слика 1. Претставници на ССМ на денешните разговори со ОРМ, предводени од претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски

На 8.6.2015 година Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачи на Македонија ги отпочнаа разговорите за измени и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството во делот на утврдување модалитетите, начинот и висината за исплата на регрес за годишен одмор.

Од страна на социјалните партнери беа презентирани ставовите за повеќе прашања од кои и за регресот за годишниот одмор. Ставовите беа насочени кон прашањата за

начинот и висината на исплатата на регресот за годишен одмор врз основа на анализата која ја презентираа социјалните партнери.